Ана ФРИЦХАНД УДК: 17.021.2-053.6

# МОРАЛНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА НА АДОЛЕСЦЕНТИТЕ ВО ДЕНЕШНИОТ ОПШТЕСТВЕН КОНТЕКСТ

***Кратка содржина***

*Во трудот се разгледува концептот на моралната интелигенција на адолесцентите во денешниот општествен контекст. Најнапред е дадена дефиниција на моралната интелигенција, а потоа се презентирани и објаснети нејзините седум суштински компоненти. Тоа се: емпатија, совест, самоконтрола, почитување, љубезност, толеранција и правда. Потоа следува преглед на денешниот контекст во кој адолесцентите се развиваат и на улогата на родителите како примарни модели на идентификација. Понатаму се претставени и дискутирани резултатите од едно поголемо истражување во врска со вредностите, вредносните ориентации и моделите за идентификација кај лица од период на адолесценција и нивните родители. Добиените наоди укажуваат на слабеење на просоцијалната ориентација и на помало преферирање на одредени вредности од страна на адолесцентите, а кои се дел од компонентите на моралната интелигенција. Тоа во голем степен се должи на негативното влијание на денешниот, морално токсичен свет и системското насилство кое дејствува низ различни канали врз лицата од сите возрасти, посебно засегајќи го вредносниот систем на младите. Како заклучок се наведени насоките во кои родителите би требало да дејствуваат со цел да го овозможат оптималниот развој на моралната интелигенција на нивните деца.*

***Клучни зборови***: *МОРАЛНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА, ЕМПАТИЈА, СОВЕСТ, САМОКОНТРОЛА, ПОЧИТУВАЊЕ, ЉУБЕЗНОСТ, ТОЛЕРАНЦИЈА, ПРАВДА, ВРЕДНОСТИ, ВРЕДНОСНИ ОРИЕНТАЦИИ, МОДЕЛИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА.*

## ВОВЕД

Во денешното општество е присутна континуирана морална криза речиси во сите сфери од човековото живеење, која ги засега лицата од сите возрасти. Многу научници во светот предупредуваат

дека моралната структура на современите општества е нарушена. Егоистички, материјалистички потреби и вредности се закануваат да го уништат чувството на солидарност, а плуралитетот на светските гледишта овозможува уверувањата и етичките стандарди да бидат толку релативизирани што се јавува опасност од губење на личните вредности во животите на луѓето (Halpern, 1995; според Kaprara, Cervone, 2003). Притоа, тешко може да се утврди степенот до кој егоистичките и материјалистички потреби и вредности директно се конфронтираат со алтруистичките, што ја прави целата ситуација уште посложена. Kuzmanović (2001), смета дека кризата на вредностите ја има зафатено особено сферата на *вредности – средства* т.е. моралните вредности. Според него, моралната криза се манифестира во изменетите сфаќања за тоа кои средства се дозволени на патот кон остварувањето на целите. Во тој процес се забележува една појава која тој ја нарекува *суспензија на вредностите*. Тоа е моментот кога поединецот забележува дека многумина не се придржуваат до декларираните вредности и кога почнува да сфаќа дека тоа што му е пренесувано како позитивно од страна на семејството, во реалноста веќе не функционира и мора да почне да се однесува на сличен начин за да опстане. Така, се изградува состојба на општествена „шизофренија" која е мошне непријатна за поединецот, бидејќи од една страна, тој сè уште верува во сопствениот вредносен систем и смета дека треба да го реализира и зачува, а од друга страна е свесен дека мора да отстапи од истиот и да почне да се однесува според принципите на елементарно самоодржување. Во такви услови, голем дел од луѓето застануваат на првото или второто ниво од пирамидата на Maslow, а можностите за самоактуелизација стануваат извонредно мали. Кога ваквата состојба ќе се преслика во животот на младите, кои започнуваат да ги реализираат трите најзначајни развојни кариери – *работа, интимност* и *родителство* (според Мурџева-Шкариќ, 2004), станува видлива изместеноста и недостатокот на цврста вредносна основа врз која би можеле да ги удрат темелите на идниот личен и професионален развој. Таа основа тие ја бараат во семејството. Состојбата е особено тешка за адолесцентите, кои минуваат низ процес на индивидуација и допрва треба да се пронајдат себе си. Општествениот контекст, кој изобилува со морален релативизам и конфузија, дополнително го усложнува напорниот и фрустрирачки пат кон достигнување на личниот идентитет и интегритет. Оттука, развиената морална интелигенција е еден од аспектите кои ќе им помогнат полесно да се справат со посочените предизвици.

**Што е морална интелигенција?**

Borba (2001) ја дава следнава дефиниција на моралната интелигенција: „*способност да се сфати разликата меѓу доброто и лошото, да се поседуваат силни етички убедувања и морални кочници и да се постапува во склад со нив, со цел поединецот да се однесува на правилен начин, достоен за почит*„. Нејзините основни компоненти се: емпатија, совест, самоконтрола, почитување, љубезност, толерантност и правда. Сите тие заедно, го насочуваат моралното однесување на поединецот и можат да бидат научени, моделирани и стимулирани во развојот уште од рана возраст (според Borba, 2001).

Според Borba (2001), основата на моралната интелигенција ја сочинуваат првите три компоненти: *емпатија, совест* и *самоконтрола.* Тие се нејзината срцевина и доколку било која од нив не е доволно развиена детето нема изградена способност која би го заштитила од негативните надворешни влијанија. Откако овие три компоненти ќе се постават на цврста основа, следни кои се развиваат се *почитта* и *љубезноста*, а по нив доаѓаат *толерантност* и *правда.* Сите заедно го градат моралниот компас кој го води детето кон одговорен и совесен начин на живот. Но, моралниот развој не запира тука. Тоа е континуиран процес во текот на кој децата и адолесцентите усвојуваат многу други вредности, како што се самодисциплина, човечност, храброст, алтруизам итн. Всушност, авторите кои се интересираат за оваа област идентификувале над четиристотини вредности. Оттука, се наметнува прашањето зошто се избрани токму овие седум да бидат основните компоненти на моралната интелигенција? Одговорот доаѓа од долгогодишната пракса и многубројните истражувања на оваа тема. Тие се conditio sine qua non за усвојување и развој на сите останати вредности.

Најнапред е *емпатијата* – способност да се разбере што другиот мисли и чувствува; да се заземе неговата позиција; да се согледаат нештата од негов аспект. Таа е едно од најсилните морални чувства и им помага на децата и адолесцентите да станат посензитивни за потребите и чувствата на луѓето и не само на луѓето, туку и на сите останати живи организми. Тоа подоцна ќе им помогне да ја усвојат универзалната вредност – *право на живот на сè што е живо* и ќе им овозможи влез во постконвенционалниот стадиум на моралното судење. Исто така, станувајќи свесни за туѓите чувства и потреби го надминуваат егоцентризмот, а се зголемува и веројатноста да им помогнат на лицата кои се во неволја. На тој начин, ќе го усвојат

алтруизмот како вредност и ќе се однесуваат во склад со него. Способноста за емпатија, доколку е развиена, ќе им помогне на децата и адолесцентите навреме да ја препознаат туѓата болка или непријатност и ќе ги спречи да се однесуваат сурово и егоистично.

*Совеста* е силен внатрешен глас кој им помага на децата и адолесцентите да го разграничат доброто од лошото и да се однесуваат во склад со прифатените морални норми и вредности. Секогаш кога ќе отстапат од истите, се јавува „грижа на совест". Доколку е развиена, оваа вредност овозможува да се постапува добро и правилно дури и тогаш кога поединецот ќе се соочи со искушение. Таа е меѓу основните столбови на моралната интелигенција, бидејќи врз неа се темели развојот на чесноста, одговорноста и интегритетот.

*Самоконтролата* им овозможува на децата и адолесцентите да ја контролираат импулсивноста и да размислат пред да дејствуваат. Така, ги спречува да постапат на начин кој би имал негативни и несакани последици по нив и по останатите. Контролирањето на сопствените реакции е мошне важно, бидејќи води кон намалување на бројот на потенцијални конфликти, омраза или неправда предизвикани од импулсивноста и ривалството. Самоконтролата го стимулира усвојувањето и развојот на самодисциплината, како и на великодушноста и љубезноста, бидејќи им помага децата и адолесцентите да го одложат моменталното задоволување на потребите и да направат нешто за другите луѓе. Тоа подоцна го овозможува долгорочното размислување и планирање, способноста за градење визии, што е карактеристика на зрелите поединци.

*Почитта* ги охрабрува децата и адолесцентите да постапуваат кон другите со внимание и да ја согледаат вредноста на секој човек без оглед на неговата возраст, раса, конфесија, националност и сл. Кога е развиена, оваа вредност ќе ги насочи да мислат повеќе за правата на другите луѓе и да ги почитуваат нивните чувства. Како резултат на сето тоа ќе порасне и нивната самопочит.

*Љубезноста* овозможува да се покаже грижа за другиот, за неговите потреби и чувства. Со развивање на оваа вредност децата и адолесцентите стануваат помалку себични, а повеќе сочувствителни. Кога е развиена љубезноста, со другите се постапува грижливо и заинтересирано, а поединецот е подготвен да даде поддршка и помош на оние на кои тоа им е потребно.

*Толерантноста* им помага на децата и адолесцентите да ги разберат и почитуваат различните квалитети на другите луѓе, да бидат со отворен ум кон нови перспективи и идеи. Така, тие кон другите се однесуваат со разбирање и прифаќање, а се спротивставу-

ваат на насилството, омразата, фанатизмот и сл. Особено е важно тоа што доколку е развиена, им овозможува на децата и адолесцентите да постапуваат човечно и да ги почитуваат луѓето првенствено поради тоа што сè.

*Правдата* ги води децата и адолесцентите да постапуваат кон другите правично и чесно. Благодарение на неа, тие се подготвени да соработуваат и споделуваат, да слушаат отворено и активно, без однапред да донесуваат судови и избрзани заклучоци. Таа ја зголемува нивната морална сензитивност и тие се подготвени да застанат во одбрана на послабите и на оние кои се третирани неправедно. Оваа вредност е поврзана со подоцнежното усвојување на храброста, искреноста и многу други вредности.

Многу автори сметаат дека развојот на моралната интелигенција кај децата и адолесцентите е можеби единствениот начин да им се помогне полесно да се справат со морално токсичниот свет во кој живеат. Тие издвојуваат две причини за таквиот став. Првата е тоа што голем број од суштинските социјални фактори кои го градат и моделираат моралниот карактер полека се дезинтегрираат: супервизијата од страна на возрасните, моделите на морално однесување, духовниот развој, врските меѓу возрасните кои се длабоки и имаат смисол, јасни вредности и ставови, општествената поддршка, стабилност и соодветно родителство. Втората, е тоа што децата се постојано бомбардирани со надворешни пораки кои се спротивни на вредностите што нивните родители се обидуваат да им ги всадат во карактерот. Предизвикот со кој се соочуваат родителите денес е уште поголем, ако се земат во предвид сомнителните пораки кои доаѓаат од најразлични извори до кои децата имаат лесен и брз пристап. Тука, како особено агресивни и морално штетни се наведуваат: телевизијата, Интерентот, филмовите, видео – игрите, популарната музика и забавните шоуа, од причина што прикажуваат содржини со цинизам, непочитување, материјализам, јавен секс, вулгарности и глорификација на насилството. Во сајбер-просторот можат да се најдат бројни сајтови со порнографија, сатанизам, педофилија и слични содржини, при што дури ни најмоќните компјутерски филтри не можат сите да ги скенираат и да го попречат пристапот до нив. Кон сето наведено доволно е да се придодаде и влијанието кое доаѓа од страна на врсничките групи, од другите возрасни, па дури и од дневните вести и се добива слика на виртуелен свет во кој родителите треба да вложат натчовечки напори за да го одржат своето потомство на вистинскиот пат.

## Развојот на адолесцентите во денешниот општествен контекст

Психичкиот и духовен развој на адолесцентите не зависи само од билошките фактори, туку и од севкупниот општествен контекст во кој растат и се развиваат. Општеството со своите структури и очекувања влијае врз нивниот развој и планови поврзани со иднината. Тие можат да им го олеснат процесот на созревање, но честопати знаат да бидат и извор на многу проблеми и фрустрации. Оттука, неснаоѓањето, чувството на изгубеност, отуѓеноста, можат да се сфатат како реакција на светот во кој живеат, а него го карактеризираат ненадејни и брзи промени. Ниедна генерација досега не доживеала таква техничко – технолошка револуција како денешнава. Една од последиците на таквите промени се манифестира на психолошки план, поради што минатото сè повеќе се оддалечува од сегашноста, губејќи ја својата вредност во нивните очи. Тоа доведува во нивната свест старото да се поистоветува со старомодното, заостанатото, непродуктивното. Но и иднината, исто така, го губи своето значење и смисла, станувајќи сè понесигурна и понеизвесна. Така, се предизвикува ново искуство и потреба максимално да се искористи сегашниот момент. Се живее од денес за денес, во неизвесност за тоа што доаѓа утре. Притоа, како што наведува Szentmártoni (2004) „најголемиот парадокс е што сите живеат во сегашноста, а никој не ја живее сегашноста".

Последиците се чувствуваат и во семејството. Лошите економски услови, големата невработеност и сиромаштија, новите услови за/на работа го намалуваат времето кое родителите можат квалитетно да го поминат со своите деца, во релаксирана и позитивна атмосфера. Поради големата подвижност емоционалните врски стануваат сè поповршни и помалку трајни. Сето ова доведува до намалување на бројот на склучени бракови за сметка на бројот на кохабитации и разводи. Мешањето на различни култури ги прави попристапни новите, непознати вредности и модели, што внесува несигурност во душите на адолесцентите. Нивните неуспешни трагања по цврсти основи најчесто завршуваат со релативизирање на вредностите и со синтагмата „сè може да помине". Растргнати меѓу семејните вредности и оние што им ги нудат новите модели, на патот кон созревањето, влетуваат во хаос кој денес е присутен на повеќе нивои: *внатрешен* – отсуство на душевен мир, апатија; *општествен* –

нарушени интерперсонални односи, отуѓеност, недоверба; *амбиентален* – урбан хаос, нарушена е рамнотежата во природата, па човекот и самиот станува загрозен вид; *метафизички* - изгубена верба во подобра иднина и чувство дека никаде не се припаѓа (според Szentmártoni, 2004).

### Улогата на родителите во развојот на моралната интелигенција на адолесцентите

Родителите ја имаат најважната улога во развојот на моралната интелигенција, бидејќи истата најдобро се развива по пат на моделирање, а тие се првите модели со кои новите генерации се среќаваат. Притоа, не е доволно само да зборуваат за нив, туку треба и да покажат како соодветната доблест изгледа, демонстрирајќи ја во секојдвеното однесување (според Borba, 2001). Сепак, во општествениот контекст во кој денес растат и се развиваат адолесцентите задача на родителите не е само да бидат добри модели кои ќе промовираат позитивни вредности. Ова од причина што голем дел од нивниот труд е девалвиран од новите вредности и модели со кои секојдневно се соочуваат новите генерации, како и од изменетите услови кои не дозволуваат многу од пренесените вредности и понатаму да бидат функционални и преферирани. Тоа директно го засега развојот на моралната интелигенција. Затоа, нивните активности треба да бидат насочени и кон менување на општествениот контекст, бидејќи во спротивно напорите да го изградат моралниот карактер на своето потомство однапред им се осудени на пропаст.

Според психоаналитичката теорија, идентификацијата со авторитетите, пред сè со родителите, е нужна за развојот на личноста и за градење на моралниот карактер. Тоа доаѓа оттаму што идентификацијата не значи само прифаќање на нечиј стил на облекување и однесување, туку доведува и до усвојување на неговиот вредносен систем. Затоа, во психологијата вниманието се насочува кон проучување и на оние помалку интензивни и трајни врски, кои можат да влијаат врз развојот на личноста. Познато е дека позитивниот став кон некого не доведува секогаш до идентификација, туку само до имитација на однесувањето, стилот или изгледот, но таквото површинско имитирање ја зголемува веројатноста за усвојување на претпоставените вредности и ставови на лицето кое се имитира (според Rot, 1989). Оттаму е исклучително важно кој или чиј модел ќе се

избере. Денес, моделите за идентификација се присутни во нови форми и видови, а промовираат сомнителни и доминантно материјалистички вредности. Освен тоа, истражувањата од практиката, како и секојдневните искуства досега го потврдија фактот дека „не е доволно да знаеш што е морално правилно, за да се однесуваш морално правилно". Со други зборови, усвоеното морално судење и принципи треба да се преведат во позитивно морално однесување (според Berkowitz, 1998).

Децата будно ги набљудуваат своите родители во нивните постапки и интеракции со другите и од тоа градат генерализации, учејќи како и самите да се однесуваат кон луѓето. Притоа, иако може директно да не го имитираат набљудуваното однесување, тие сепак ги оформуваат своите верувања, вредности и ставови за тоа како да постапуваат. Колку повеќе детето знае за моделот како кој сака да биде, толку полесно ја следи неговата активност, моделирајќи ја сопствената. Во периодот на адолесценција, однесувањето на родителите се преиспитува и критикува, а нивната доскорешна слика на идоли се деидеализира, па дури и обезвреднува. Оттука, кај нив е присутна загриженост со какви модели децата ќе дојдат во контакт, бидејќи, како што посочува Bandura (1991), родителите не можат постојано да бидат присутни за да го насочуваат нивното однесување. Децата кои се изложени на возрасни и врснички модели кои даваат пример на конфликтни стандарди, усвојуваат различни стандарди на однесување. Во целиот тој процес, врсниците можат да извршат силно влијание, на пример, преку прифаќање на одредено прекршочно однесување како морално правилно. Дури и кога реакциите на оценување на родителите се со поголема тежина од оние на врсниците, вториве можат да ја однесат победата, бидејќи се присутни во конкретните ситуации за да извршат влијание врз моралниот избор. Слични, па дури и посилни влијанија денес, имаат медиумите преку вредностите кои ги пренесуваат и моделираат (според Bandura, 1991).

Во овој труд моралната интелигенција ќе биде разгледана низ призмата на вредностите, вредносните ориентации и моделите кои нив ги пренесуваат, а се преферирани од страна на адолесцентите и нивните родители. Резултатите од истражувањето кое се наведува подолу го потврдуваат негативното влијание на надворешните фактори врз нејзиниот оптимален развој и врз применливоста на нејзините компоненти во секојдневните животни ситуации.

# МЕТОД

## Примерок

Во едно поголемо истражување се вклучени вкупно 360 испитаници од периодот на адолесценција и средна возраст. Адолесцентите (120) се поделени во три групи според возраста – 14, 17 и 20 годишни, а нивните родители (240) се на возраст меѓу 40 и 60 години. Испитувани се разлики во однос на вредностите, вредносните ориентации, моралните ставови и моделите за идентификација кај лицата од овие возрасни групи. Примерокот го сочинуваат ученици од две основни и две средни училишта, како и студенти од Институтите за психологија, социологија и социјална работа и социјална политика. Мерните инструменти се задавани во рамки на наставата. Одговорите од родителите се добиени така што инструментите во запечатени пликоа им се дадени на испитаните адолесценти и на истиот начин се добиени назат. На овој начин родителите не знаат што одговориле нивните деца. Овде ќе бидат соопштени дел од резултатите, кои се поврзани со темата на трудот.

## Инструменти

Вредносните преференции се мерени со помош на модификуваната верзија на Прашалникот за Вредности на Rokeach. Од испитаниците се бара да рангираат 16 терминални (животни цели) и 16 инструментални (начини на однесување) вредности. Притоа, повисок ранг означува попреферирана вредност и обратно.

Вредносните ориентации се мерени со Скалата на животни стилови конструирана од Popadić (1988). Со неа се опфатени десет животни стилови: семејно – сентиментален, алтруистички, сознаен, утилитаристички, популарност, егоистичко – индивидуалистички, прометејски активизам, хедонистички, религиозно – традиционален и ориентација кон моќ. Притоа, секој од стиловите се проценува на скала од 1 до 5 (од „воопшто не би сакал/а така да живеам“ до „најмногу би сакал/а така да живеам“).

Моделите за идентификација се добиени со отворен прашалник. Од испитаниците се бара да наведат лица кои особено ги почитуваат; да ја наведат областа од која ги избираат и причините, односно нивните особини поради кои ги избираат. Потоа добиените резултати се сместуваат во осум области: спорт, шоу – бизнис (во кој се поместени актери, пејачи, водители на емисии, лица од модата

итн.), политика, култура (во која се поместени наука и уметност), историски личности, семејство (родители и роднини), пријатели и никој.

## Резултати и дискусија

Добиените резултати во врска со вредносните преференции од страна на адолесцентите и нивните родители, зборуваат за постоење статистички значајни разлики ($p<0.05$; $p<0.01$) кај двете низи вредности. Кога станува збор за животните цели, четиринаесетгодишните испитаници, за разлика од родителите, значително повеќе ги преферираат вистинското пријателство, возбудливот живот и задоволството, а значително помалку хармоничниот семеен живот, сигурноста за саканите лица, душевниот мир и себепочитувањето. Од начините на однесување, повеќе ги преферираат снаодливоста, логичноста и тактичноста, а помалку чесноста, совесноста, самоконтролата, способноста и амбициозноста. Кај седумнаесетгодишниците состојбата е иста во однос на значително попреферираните животни цели како и кај лицата од рана адолесценција. Споредени со родителите, освен вредностите кои се веќе наведени кај претходната група, со исклучок на себепочитувањето, помалку ги преферираат уште и социјалната правда и рамноправноста. Меѓу начините на однесување значително повеќе ги преферираат амбициозноста, логичноста и тактичноста, а значително помалку чесноста, великодушноста и совесноста. Животните цели кои дваесетгодишниците значително повеќе ги преферираат, за разлика од нивните родители се возбудлив живот, вистинска љубов, подобрување на себе си и задоволство, додека значително помалку преферираат економска благосотојба, хармоничен семеен живот и социјална правда. Во однос на начините на однесување кај оваа група адолесценти значајни разлики се регистрирани за вредностите амбициозност (која повеќе ја преферираат), соработка и совесност (кои помалку ги преферираат). Ако се разгледуваат како една група, кај адолесцентите се забележува дека, за разлика од родителите, пониско ги вреднуваат *чесноста, совесноста, самоконтролата, великодушноста,* и *соработката*. Во овој контекст важно е да се спомене дека најмладите т.е. четиринаесетгодишниците, *чесноста* ја рангираат најниско во споредба со останатите возрасни групи (ранг 4). *Самоконтролата*, најниско ја рангираат седумнаесетгодишниците (ранг 7). *Совесноста* е на далечното 9-то место (четиринаестгодишни); 11-то место (седумнаесетгодишни), односно дури 13 место при рангирањето на дваесетгодишните! Наведените вред-

ности се дел од компонентите на моралната интелигенција и нивното пониско рангирање укажува на негативното влијание врз нејзиниот развој од страна на фактори кои не потекнуваат од семејството, туку се последица од системското насилство, кое девалвира многу од овие вредности за кои сè уште се залагаат повозрасните.

Преферирањето на животните стилови е тесно поврзано со изборот на вредностите и во тој поглед резултатите се слични. Сите возрасни групи, со исклучок на седумнаесетгодишните испитаници, најмногу го преферираат семејно – сентименталниот животен стил. Веднаш по него четиринаесет и дваесетгодишните испитаници ги избираат утилитаристичкиот и хедонистичкиот стил. Седумнаесетгодишниците, најмногу го избираат утилитаристичкиот, а потоа хедонистичкиот и семејно – сентименталниот стил. Нивната насоченост е кон лесен и удобен живот, исполнет со задоволство и материјално богатство, што многу автори ја толкуваат како одбранбен механизам, односно замижување пред проблемите и бегање од реалноста. Родителите, како втор по значајност, го избираат утилитаристичкиот стил, по што следува прометејскиот активизам и алтруистичкиот животен стил. Статистички значајни разлики ($p<0.05$; $p<0.01$) се регистрирани при меѓугрупните споредби. Четиринаесетгодишниците, за разлика од родителите, значително повеќе ја преферираат популарноста, а значително помалку прометејскиот активизам и сознајниот животен стил. Седумнаесетгодишниците, во споредба со родителите, значително повеќе ги преферираат хедонистичкиот стил и популарноста, а значително помалку семејно – сентименталниот животен стил. Дваесетгодишниците, се разликуваат значајно само од мајките во однос на тоа што повеќе ја преферираат популарноста. Забележливо е дека и адолесцентите и возрасните веднаш по семејно – сентименталниот го преферираат утилитаристичкиот животен стил, што значи дека им е важно да се занимаваат со добро платена работа која ќе им донесе многу пари и потполна материјална сигурност. Ваквиот резултат е директна последица од сиромаштијата и материјалната несигурност со која се соочуваат семејствата. Во состојба на општ хаос, децата и адолесцентите се насочуваат кон примарните групи, барајќи заштита. Поголемото преферирање на популарноста од страна на адолесцентите е очекувано и се должи на карактеристиките на развојниот период во кој се наоѓаат. Родителите, многу повеќе ги преферираат стиловите кои се насочени кон општочовечките вредности и општествената активност, за разлика од нивните деца кои се насочени кон личната добросотојба. Ова укажува на слабеење на просоцијалната ориентација кај младата генера-

ција и оддава впечаток дека во нивниот вредносен систем се вградуваат индивидуалистички вредности.

Наодите од изборот на моделите за идентификација покажуваат дека адолесцентите нив најмногу ги одбираат од области на семејството и тоа значително повеќе во споредба со родителите. Потоа следуваат спортот, шоу-бизнисот итн. Според тоа, кризата во општеството ја засилува тенденцијата примарните групи да се одбираат како најзначајна позитивна вредност. Родителите, се обидуваат што е можно повеќе да ги заштитат своите деца од непријатните искуства и да им го направат животот понормален. Тие, лицата кои особено ги почитуваат ги избираат од семејството, политиката и меѓу историските личности, во што статистички значајно ($p<0.05$; $p<0.01$) се разликуваат од нивните деца. Ваквите резултати се должат во голем степен на разликите во возраста, но укажуваат и на влијанието кое медиумите и моделите преземени од нив го имаат врз адолесцентите и нивниот вредносен систем.

Врз основа на погореизнесените резултати може да се заклучи дека влијанието на возраста е во голем степен измешано со она на факторите кои потекнуваат од општествените содржини и структури. Добиените разлики се рефлексија на развојниот период во кој се наоѓаат испитаниците и на промените кое се карактеристични за него. Но, кај адолесцентите е забележливо, веќе споменатото, помало присуство на просоцијалната ориентација и напуштање на некои вредности кои за нивните родители се сè уште многу значајни. Тоа го говорат пониските преференции на прометејскиот активизам и алтруистичкиот животен стил, како и на чесноста, совесноста, соработката, помагањето и великодушноста. На тој начин се потврдува постоењето на суспензија на вредностите за која зборува Kuzmanović (2001). Адолесцентите забележуваат дека денес многумина не се придржуваат до декларираните вредности и дека тоа што им е пренесувано како позитивно од страна на семејството, во реалноста веќе не функционира. Тие веруваат во сопствениот вредносен систем, но во истовреме се свесни дека мора да отстапат од него. Од аспект на моралната интелигенција ваквата состојба го загрозува нејзиниот развој и води до конфузија и хаос во душите на адолесцентите кои го градат сопствениот идентитет. За да успеат во тој процес, треба да имаат изградени и функционални морални кочници, т.е. развиена самоконтрола. Со други зборови, потребна им е морална сила, која се состои од јасни вредности и ставови, јасни морални пораки и модели на морално однесување, развиена способност за разграничување на доброто од лошото. Помошта најмногу ја бараат од родителите,

за што сведочи изборот на семејно – сентименталниот животен стил и на лицата кои особено ги почитуваат токму од оваа примарна група. Сепак, не е доволно родителите да бидат само добри модели кои ќе пренесуваат позитивни вредности. Ова од причина што морално токсичната околина ги осуетува нивните напори да успеат во процесот на градење на моралниот карактер на своето потомство. Тука особено негативно влијаат содржините од медиумите до кои адолесцентите имаат лесен и брз пристап. Затоа, освен што со стимулирање на развојот на моралната интелигенција треба да отпочнат уште во раната возраст, родителите треба да дејствуваат и пошироко, во смисла на менување на контекстот во кој таквиот развој се одвива. Тоа подразбира да бидат општествено активни и да влијаат во насока кон контролирање и намалување на споментатото влијание на медиумите и на останатите инстанци низ кои се спроведува системското насилство. Тие треба да бидат активно и квалитетно присутни во животите на нивните деца, а тоа подразбира да покажат интерес за нивните пораки и потреби; да бидат информирани со какви содржини и модели секојдневно се среќаваат; да бидат отворени за дијалог и дебатирање во однос на секакви прашања; да им помогнат во градење на самодовербата и самопочитта; да имаат разбирање и позитивен однос кон децата давајќи им многу љубов и внимание. Во истовреме, треба да се изборат со општествените насилни структури кои ја нарушуваат генеративноста, внесувајќи нови, индивидуалистички вредности во вредносниот систем на адолесцентите. Само на тој начин ќе му овозможат на своето потомство иднина во која успешно ќе ги реализира поставените развојни задачи и ќе го зачува личносниот интегритет.

(Рецензент: *проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ*)

## ЛИТЕРАТУРА

Bandura, A. (1991). "Social Cognitive Theory of Moral Thought and Action" in Handbook of Moral Behavior and Development. Volume 1. Theory. New Jersey. Lawrence and Erlbaum Associate Publishers

Berkowitz, W. M. (1998). "Fostering Goodness: Teaching Parents to Facilitate Children's Moral Development" (http://parenthood.library.wisc.edu/Berkowitz/Berkowitz.html).

Borba, M. (2001). Building Moral Intelligence. San Francisco. Jossey-Bass.

Coles, R. (1998). The Moral Intelligence of children. New York. Plume.

Kaprara, G. V. – Cervone, D. (2003). Ličnost. Beograd, Dereta.

Kuzmanović, B. (2001). „Društvena kriza i kriza vrednosnog sistema mladih", vo Drama jedne mladosti. Beograd, Žarko Albulj.

Мурџева-Шкариќ, О. (2004). *Развојна психологија*, Филозофски факултет, Скопје.

Popenoe, D. (1998). "We are what we see. The Family Conditions for Modeling values for Children". (http://parenthood.library.wisc.edu/Popenoe/Popenoe–Modeling.html).

Rapaj, Ž. (1998). *Kako razumeti svoje roditelje*. Beograd, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

Rot, N. (1989). *Osnovi Socijalne Psihologije*. Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd.

Szentmártoni, M. (2004). *Svet Mladih*. Psihološke studije. Pančevo, Bukur Book.

Ana FRICHAND

# MORAL INTELLIGENCE OF ADOLESCENTS IN TODAY'S SOCIAL CONTEXT

## SUMMARY

*The paper discusses moral intelligence of adolescents in today's social context. In the beginning, moral intelligence is defined and seven essential virtues are presented. Those are: empathy, conscience, self-control, respect, kindness, tolerance and fairness. Then, the characteristics of today's social context in which adolescents are developing are briefly reviewed, as well as the role of parents as the primary models of identification. Later on in the paper, the results of study about values, value orientations and models of identification of adolescent and their parents are being discussed. The results show that there is a negative shift in prosocial orientation in youth and that they also prefer less, particular values that are part of the components of moral intelligence. That condition is a consequence of this morally toxic world and systemic violence in which new generation lives and has negative influence on development of their value system. At the end of the paper, the ways parents can help their offspring are also discussed.*

***Keywords:*** *MORAL INTELLIGENCE, EMPATHY, CONSCIENCE, SELF-CONTROL, RESPECT, KINDNESS, TOLERANCE, FAIRNESS, VALUES, VALUE ORIENTATIONS, MODELS OF IDENTIFICATION.*